**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр. 02-**

# З А П И С Н И К

**Од 113-та седница на Програмскиот совет на ЈРП Македонска Радио Телевизија одржана на 23.04.2020 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.Претседател на Програмскиот совет,м-р Јагнула Куновска,Снежана Клинчарова,Селпин Керим,м-рРисте Панов,Гајур Рамадани,Ивана Трајковска,Илир Рамадани и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека ,Косана Мазнева Николиќ и Златко Јанковски. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** Горан Атанасов-директор на заеднички функции и администрација во МРТ и Арун Ибраими-Заменик директор на МРТ. |

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради вонредната состојба во државата, 113-та седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку конференциска врска.***

Седницата започна во 14:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот Совет на МРТ едногласно го усвои дневниот ред:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

**1.**Разгледување и усвојување на Записникот од 112-та седница на Програмскиот совет на МРТ.

**2.**Разгледување и усвојување на Правилник за внатрешна организација на ЈРП Македонска Радио Телевизија.

**3.**Разгледување и усвојување на Правилник за систематизација на работни места на ЈРП Македонска Радио Телевизија со табеларен преглед на работни места во ЈРП МРТ.

**4.**Разно.

**ТОЧКА 1:Разгледување и усвојување на Записникот од 112-та седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 112-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата запиникот од 112-та седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет едногласно **го усвои** запсиникот од 112-та седница на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 2:Разгледување и усвојување на Правилник за внатрешна организација на ЈРП Македонска Радио Телевизија.**
Воведно излгање по оваа точка имаше Горан Атанасов директор на заеднички функции и администрација во МРТ кои информираше дека во изминатиов период беа остварени неколку средби со одговорни лица во МРТ и МИОА и нивните стручни служби, на кои средби МИОА имаше разбирање за потребите на зголемен број на сиситематизирани работни места со оглед на воведување на нови програмски сервиси но не повеќе од 1224 работни позиции. Беше постигнат договор да се направат нови акти за Систематизација и Внатрешна организација, со имплементација на сите забелешки од МИОА и со најмногу 1224 систематизирани работни места. На овие акти им претходеа и измени и дополнувања на Функционалната анализа, која ви се доставува во прилог.Сите наведени акти беа доставени до МИОА и за нив беше добиена согласност од нивна страна.Исто така директорот Горан Атанесов информираше дека и Надзорниот одбор на МРТ на предходна седница го разгледа и даде согласност на Правилникот за внатрешна организација на ЈРП МРТ.
Членот на советот Анита Латифи со прашање дали сега е оставено место во документите за унапредување на вработените кои работат во МРТ а до сега не можеле да се поместат позиција погоре.Горан со годовор дека оставен е простор онолку колку што имаше можност.

По расправата Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на гласање Правилникот за внатрешна организација на ЈРП Македонска Радио Телевизија.

■ **Правилникот за внатрешна организација на ЈРП Македонска Радио Телевизија** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **10** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Правилникот за внатрешна организација на ЈРП Македонска Радио Телевизија **е едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 3:Разгледување и усвојување на Правилник за систематизација на работни места на ЈРП Македонска Радио Телевизија со табеларен преглед на работни места во ЈРП МРТ.**
Правилникот за систематизација на работни места во ЈРП МРТ беше доставен на разгледување пред присутните членови на Програмскиот совет на МРТ.
Воведно излгање по оваа точка имаше Горан Атанасов директор на заеднички функции и администрација во МРТ кој информираше дека Надзорниот одбор на МРТ на предходна седница го разгледа и даде согласност на Правилникот за систематизација на работни места на ЈРП МРТ.
Членот Гајур Рамдани со прашање по процентуалниот однос на предвидени и пополенти места кај делот на вработените од даватели на услуги.

Горан Атанасов одговори дека тоа е предвидено и објаснето табеларно на страна 4 од Правилникот за систематизација на работни места во МРТ.

По расправата Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на гласање Правилникот за систематизација на работни места на ЈРП Македонска Радио Телевизија со табеларен преглед на работни места во ЈРП МРТ.

■**Правилникот за за систематизација на работни места на ЈРП Македонска Радио Телевизија со табеларен преглед на работни места во ЈРП МРТ** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **10** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Правилникот за систематизација на работни места на ЈРП Македонска Радио Телевизија со табеларен преглед на работни места во ЈРП МРТ **е едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 4:Разно.**
По однос на оваа точка членот на советот Ристе Панов побара да се достават информации за склучениот договор помеѓу МРТ и Еуровижн за следните работи:
- да се наведат кои се условите со кои се бараа по конкурсот на МРТ да ги исполнува избраната агенција за продукција на европски аудио-визуелни дела.
- да се наведат кои се правата и обврските на МРТ и правата и обврските на избраната агенција според договорот.
- во прилог на оваа, да се наведат кои се роковите по однос на обврските и на двете страни, односно кои рокови ги има агенцијата а кои МРТ
- да се напише поединечно за секоја обврска и од конкурсот и од договорот дали е реализирана таа поединечна обврска од страна на агенцијата и за секоја обврска на МРТ
- да се напише за финансиските обврски кои се на агенцијата за да прикаже трошоци за реализација на програмата.
- Да се даде информација дали агенцијата има склучено авторски договори за користење на аудио-визуелни дела и договори со лица кои ќе ги реализират емисиите .

Седницата заврши во 15:00 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател